**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО**
**РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА**
**С К О П Ј Е**

# ИЗВЕШТАЈ

## НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-СКОПЈЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2017 ГОДИНА

**Скопје, септември, 2018**

Врз основа на Одлуката на Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, бр. 0201-75 од 21.08.2018 година донесена на презакажаното редовно годишно Собрание на акционери од 20.08.2018 година, со која се овластува Одборот на директори да изврши корекција на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година со цел да износот од 189.662.518,00 денари, добиен по правосилна Пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2017 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, се прикаже како приход во деловната 2017 година, па согласно законските прописи и Меѓународните сметководствени стандарди се утврди добивката, нејзината распределба согласно Законот и Статутот како и исплатата на дивиденда со утврдување на износот на дивиденда по акција и дивиденден календар, Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, спроведе корективни ставови во поглед на годишната сметка и финансиските извешаи за 2017 година и изврши повторно изготвување и одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година а кои се рефлектираат и на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2017 година при што, **Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, на својата седница одржана на 17.септември 2018 година со Одлука бр. 0202-110 од 17.09.2018 година го утврди следниот**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА - СКОПЈЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2017 ГОДИНА

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Акционерското друштво е запишано во Трговскиот Регистар во рамките на Централниот Регистар на РМ со целосен назив: Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА – Скопје, со скратен назив: АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, со седиште на Бул. 3-та Македонска бригада бб, општина Аеродром, Скопје и ЕМБС 4053222.

Приоритетна дејност на Друштвото е под шифра 64.20 - Дејности на холдинг друштвата.

Вкупната главнина на Акционерското друштво изнесува: 5.155.750 ЕВРА

## АКЦИОНЕРСКА КНИГА

На ден 31.12.2017 година во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност состојбата е следна:

ИСИН број МКРАДЕ101010

Вкупен број на акции: 206.230 обични акции и номинална вредност на акцијата: 25 евра.

- Вкупен номинален капитал 5.155.750 ЕВРА
- Од увидот во Акционерската книга која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во групата која се води како акционери со непотполни податоци (неидентификувани) има вкупно 465 акции што претставува 0,225% од вкупниот број на акции.
- Број на иматели на акции заклучно со 31.12.2017 година изнесува 648.
- Број на сопственички позиции 652.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИ

Основните приходи Акционерското друштво во текот на 2017 година ги оствари преку:

- Дивиденда од удел во друштвата во Раде Кончар во кои АД има влог
- Дивиденда од хартии од вредност (акции) во други друштва
- Издавање на деловен простор
- Услуги на друштвата во рамките на Раде Кончар

Како приход во 2017 година е прикажан и приходот по основ на истапување на содружник согласно правосилна пресуда на Апелациониот суд Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2017 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, и тоа врз основа на Одлуката на Собрание на акционери бр. 0201-75 од 21.08.2018 година донесена на презакажаното редовно годишно Собрание на акционери од 20.08.2018 година, а кој ќе биде подробно опишан во натамошниот текст на овој Извештај во делот на остварените финансиски резултати .

**-Друштва од кои во текот на 2017 година се остварени приходи од дивиденда**

Во текот на 2017 година остварени се приходи од дивиденди во износ од 11.400.070 денари, со распределба на добивката од 2016 година и тоа од друштвата:

| | **Денари** |
|---|---:|
| ДОО Раде Кончар-Контактори и релеи | **3.444.000** |
| ДОО Раде Кончар-Заеднички Дејности | **4.329.944** |
| ДОО Раде Кончар-Сервис | **160.876** |
| Комерцијална Банка АД Скопје | **2.700.000** |
| Стопанска Банка АД Скопје | **317.500** |
| Тутунска Банка АД Скопје | **447.750** |
| **Вкупно** | **11.400.070** |

-Во 2017 година поголем дел од деловниот простор, сопственост на АД Раде Кончар-Апаратна техника- Скопје, се издаваше под закуп.

Од средствата добиени по основ на исплатена дивиденда од горенаведените друштва, како и од средствата добиени од издавање на деловниот простор, АД Раде Кончар - Апаратна техника ја одржа ликвидноста на друштвото, а ги подмири сите тековни трошоци, давачки спрема државата, исплати дивиденда на акционерите на АД, како и ги затвори сите побарувања од друштвата во кои имаше свои влогови.
По подмирувањето на сите горни обврски од остатокот на средства, Акционерското друштво вложи средства во купување на нови хартии од вредност: 2500 акции на Стопанска Банка АД-Скопје, и 2000 акции на АД Телеком-Скопје.

## ПОЛИТИКИ НА ВЛОЖУВАЊЕ

Искуството и изминатиот период покажаа дека тргувањето на АД на Македонската Берза за хартии од вредност издадени од неколку поголеми акционерски друштва не може да придонесува за континуирано непречено приходување на друштвото, па од тие причини АД во иднина ќе се стреми да го дисперзира вложувањето во различни профитабилни хартии од вредност, како и други активности од кои друштвото ќе приходува, а сé со цел да се намали и ризикот на остварување загуби.
Од досегашното вложување во хартии од вредност, АД Раде Кончар-Апаратна техника, заклучно со 31.12.2017 година поседува :
-18000 акции на Комерцијална Банка АД –Скопје
- 2500 акции на Стопанска банка АД Скопје
- 2000 акции на АД Телеком-Скопје
- 200 акции на Тутунска Банка АД-Скопје

## ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Во 2017 година, друштвото ги реализираше своите обврски, вклучувајќи ја и исплатата на дивиденда на акционерите. Одборот на директори се стреми да изнајде и други извори на приход со цел да го зголеми капиталот на друштвото, а воедно да остварува и поголеми добивки, како и да одржи континуитет во досегашниот начин на приходување од дивиденда од друштвата во кои АД има свои удели.

Динамиката на исплата на дивиденда по години од друштвата во склоп на Раде Кончар, за период од 2000 година до 2017 година може да се види од табеларниот преглед на исплата на дивиденда :

ДИВИДЕНДА ОД ДРУШТВАТА ВО ХОЛДИНГОТ **РАДЕ КОНЧАР** ПЛАТЕНО ВО **АД РАДЕКОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА** СКОПЈЕ

| друштво | години | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
| Контактори | 3.149.513 | 5.620.667 | 8.374.770 | 8.451.970 | 5.706.893 | 5.044.378 | 5.119.495 | 9.119.495 | 4.421.060 | 4.296.708 |
| Сервис | 0 | 885.846 | 0 | 562.855 | 590.085 | 1.533.526 | 1.130.084 | 1.072.649 | 894.422 | 1.286.343 |
| ТЕП | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.529.893 |
| РЗ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 696.636 | 1.257.400 | 764.592 | 1.007.713 |
| **Вкупно** | **3.149.513** | **6.506.513** | **8.374.770** | **9.014.825** | **6.296.978** | **6.577.904** | **6.946.215** | **11.449.544** | **6.080.074** | **9.120.657** |

| друштво | години | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | **СЕВКУПНО** |
| Контактори | 1.200.000 | 936.000 | 2.367.050 | 2.400.000 | 2.696.000 | 1.600.000 | 2.460.000 | 3.444.000 | 0 | **76.407.999** |
| Сервис | 2.503.908 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.380.037 | 160.876 | 0 | **12.000.631** |
| ТЕП | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2.529.893** |
| РЗ | 600.000 | 600.000 | 1.795.115 | 1.168.373 | 1.800.000 | 2.383.656 | 2.718.457 | 4.329.944 | 0 | **19.121.886** |
| **Вкупно** | **4.303.908** | **1.536.000** | **4.162.165** | **3.568.373** | **4.496.000** | **3.983.656** | **6.558.494** | **7.934.820** | **0** | **110.060.409** |

Доколку друштвото успее да оствари поголеми приходи во наредниот период (остварување на поголеми приходи по основ на дивиденда од друштвата во кои има акции и удели, а особено од реализација на судски предмети, евентуална продажба

на објектот, остварување на капитална добивка и следствено на тоа остварување на поголема добивка), <u>Одборот на директори ќе се залага за распределба на поголема дивиденда на акционерите.</u>

## ИЗГЛЕДИ ЗА ИДЕН РАЗВОЈ

Својата долгорочна политика друштвото ја носочува кон оплодување на капиталот и приходување на средства кои ќе се вложат во пласман на капитал, како и во развивање нови дејности. Дополнително друштвото очекува зголемување на приходите и по друг основ како што е издавање на целиот деловен простор или евентуална негова продажба, како и реализација на судски предмети.

Како и во претходната година, и во 2017 година исто така се правеа огромни напори да се издаде неиздадениот дел од деловниот простор, но се наиде на потешкотии поради слабата заинтересираност на клиентите за закуп на деловниот простор. Од овие причини АД и понатаму ќе прави максимални напори во овој правец, а еден дел од просторот ќе го користи за свои потреби. Како можна опција се предвидува и евентуална продажба на истиот, во колку за тоа постои расположение кај акционерите.

## ПРИМАЊА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ВО 2017 ГОДИНА

Во деловната 2017 година Извршниот директор примаше нето плата од 1200 евра без додаток за минат труд на месечно ниво, а неизвршните членови на Одборот на директори примаа награди согласно одлуката на Собрание на акционери бр. 02-79 од 20.06.2013 година.

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2017 и 2016 ГОДИНА

На 27 февруари 2018 година, Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, ја утврди и одобри годишната сметка за 2017 година како и ги утврди и одобри финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2017 година, а за која незвисниот овластен ревизор издаде неквалификувано мислење на 04 април 2018 година. По датумот на одобрување на финансиските извештаи и по датумот на извештајот на независниот ревизор, имаше настан кој што влијаеше врз преоценката на раководството во врска со износот и извесноста на побарувањето од 189.663.518,00 денари на име главен долг по правослилна судска пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ 1736/17 од 07.декември 2017 година, а тоа е Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев 1 бр.51/18 од 21.06.2018 година, со која беше потврдена правосилната пресуда од Апелациониот суд во делот на главниот долг од 189.663.518,00 денари, како и процесните трошоци и трошоците во постапката, што вкупно изнесува 190.619 илјади денари.
Следствено на тоа на презакажаното Собрание на акционери одржано на ден 20.08.2018 година беше донесена Одлука бр. бр. 0201-75 од 21.08.2018 година, со која беше овластен Одборот на директори да изврши корекција на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година со цел да износот од 189.662.518,00 денари, добиен по правосилна Пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2017 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, се прикаже како приход во деловната 2017 година, па согласно законските прописи и Меѓународните сметководствени стандарди се утврди добивката,

нејзината распределба согласно Законот и Статутот како и исплатата на дивиденда со утврдување на износот на дивиденда по акција и дивиденден календар.
Врз основа на ова,постапувајќи по Одлуката од Собранието на акционери бр. 0201-75 донесена на 20.08.2018 година, Одборот на директори, спроведе корективни ставови и изврши повторно изготвување и одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2017 година.

Врз основа на наведеното во рамките на работењето на АД Раде Кончар-Апаратна техника, во деловната 2017 година како и во однос на претходната година постигнати се следните резултати :

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Добивка пред оданочување | 97.761.464 | 6.123.954 |
| Данок на добивка | 8.685.127 | - |
| **Нето добивка за финансиска година** | **89,076.337** | **6.123.954** |
| | | |

## 1. БИЛАНС НА УСПЕХ НА 31.12.2017 ГОДИНА

| **О П И С** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | **203,796,,184** | **22,016,358** |
| Приходи од услуги и наемнини | 1,713,947 | 1,634,548 |
| Приходи од продажба на удел | 189,662,518 | 0 |
| Приходи од процесни трошоци | 956,000 | 0 |
| Останати приходи-дивиденди и др. | 11,463,719 | 20,381,810 |
| **Расходи од работење** | **108,551,992** | **15.827.696** |
| - Трошоци за материјали и енергија | 139,778 | 172,632 |
| - Бруто плати | 1,317,108 | 1,440,934 |
| - Амортизација | 683,455 | 1,021,387 |
| -Расходи –отпис на удел | 102,492,824 | 0 |
| - Останати трошоци од работење | 3,918,827 | 13,192,743 |
| **Финансиски расходи** | **1,794** | **64,708** |
| - Расходи од камати | 1,794 | 64,708 |
| Удел во добивката на придружни ентитети | 2,519,066 | 0 |
| **Добивка пред оданочување** | **97,761,464** | **6,123,954** |
| - Данок од добивка | **8,685,127** | |
| **Нето добивка за финансиска година** | **89,076,337** | **6,123,954** |

Структурата на капиталот на АД Раде Кончар-Апаратна техника на 31.12.2017 година е следната:

## 2. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Запишан капитал | 275.384.866 | 275.384.866 |
| Ревалоризациони резерви | 9.859.237 | 24.472.024 |
| Резерви | 27.591.743 | 27.285.545 |
| Акумулирана добивка | 1.351.539 | 5.514.900 |

| | | |
|---|---|---|
| Нето добивка за финансиска година | 89,076,337 | 6.123.954 |
| **Вкупен капитал и резерви** | 403,263,722 | 338.781.289 |

Одборот на директори ги сведе трошоците на минимум и работеше економично и рационално.
Акционерското друштво навремено ја исплати дивидендата на своите акционери, редовно ги подмируваше месечните трошоци по однос на плата и награди, услуги, закупнини, даноци и сите давачки согласно закон.

## ВЛОЖУВАЊЕ ВО ПРИДРУЖНИ ЕНТИТЕТИ

Со Одлука бр.0201-54 од 23.05.2017 година донесена од Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје на ден 22.05.2017 година, беше прекинато изготвувањето на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје.
Согласно оваа Одлука, Акционерското друштво повеќе нема обврска за изготвување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи, при што досегашните друштва кои влегуваа во консолидација, стануваат придружни ентитети.
Вложувањата во придружните ентитети се евидентираат со користење на методата на главнина , според која вложувањето во придружни ентитети првично е признаено според набавната вредност и сметководствената вредност се зголемува или намалува за да се признае учеството на вложувачот во добивката или загубата на стекнатиот ентитет по датумот на стекнување. Распределбите примени од стекнатиот ентитет ја намалуваат сметководствената вредност на вложувањето.

Како вложувања во придружни ентитети на 31.декември 2017 година , преставуваат капитална инвестиција во:

-ДОО Раде Кончар-Конактори и релеи (40% сопственост)

-ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности (40% сопственост)

-Од ентитетот: ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи (33% сопственост), Акционерското друштво истапува како содружник согласно правосилно завршена судска постапка со Пресуда ТСЖ 1736/17 од 07.декември 2017 година и Пресуда на Врховниот суд на РМ Рев 1 бр.51/18 од 21. јуни 2018 година.

**ДОО Раде Кончар Заеднички дејности** во кое АД Раде Кончар- Апаратна техника има удел од 40% во деловната 2017 година оствари вкупен приход од 28.681.762,00 денари и вкупни расходи од 16.533.823.00 денари, односно бруто добивка од 12.147.939,00 денари или нето добивка од 11.007.271,00 денари.

**ДОО Раде Кончар - Контактори и релеи** во кое АД Раде Кончар- Апаратна техника има удел од 40% во деловната 2017 година оствари вкупен приход од 228.669.414,00 денари и вкупни расходи од 211.983.108,00 денари, односно бруто добивка од 16.686.306,00 денари или нето добивка од 14.725.255,00 денари.

Наведените податоци на Акционерското друштво му беа презентирни и доставени од страна на наведените друштва.

**СУДСКИ СПОРОВИ - ПОСТАПКИ**

-Завршен Судски спор заведен по Тужба за истапување на АД како содружник од ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи-Скопје, согласно член 207 став 2 од ЗТД, кој е правосилно завршен со пресуда на Апелациониот суд Скопје ТСЖ бр. 1736/17 од 07.декември 2017 година, како и пресуда на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/18 од 21.јуни 2018 година со која се утврдува дека АД Раде Кончар-Апаратна техника истапува како содружник од ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи при што ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи е задолжено да му плати на Акционерското друштво главен долг од 189.662.518,00 денари, процесни трошоци во износ од 836.000 денари и судски трошоци од 96.000 денари. Наведените износи во вкупен износ од 190.619 илјади денари , е платен во текот на 2018 година.

-Судски спор по Тужба за надомест на штета, поднесена од АД Раде Кончар-Апаратна техника како Тужител, против управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи по член 241 од ЗТД поради настаната штета по основ на штетно работење на формираното друштво, Смелт Инг-Скопје, исплата на неосновано зголемена плата, неосновани исплати по договори на дело, советодавни услуги со ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП и сл. Вредноста на овој спор според тужбеното барање е 23.230.846,00 денари. Овој спор делумно е завршен со правосилна пресуда на Апелациониот суд ГЖ бр.1542/15 од 20.01.2016 година во корист на Тужителот и наплатен е износ од 8.969.098,00 денари.
До Врховвниот суд на РМ поднесоа ревизија и Тужителот и Тужениот при што Тужениот поднесе ревизија во усвоениот и досуден дел, а Тужителот поднесе ревизија во одбиениот дел. Врховниот суд на РМ на 13.09.2017 година донесе Пресуда Рев 2 183/2016 со која Ревизијата на Тужениот ја одби како неоснована со што го потврди пресудениот и наплатениот дел, а Ревизијата на Тужителот ја уважи при што предметот го врати на повторно одлучување пред првостепениот суд, само во одбиениот дел. Постапката е во тек.

-Тужба поднесена од АД Раде Кончар-Апаратна техника, против управителот на ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП, во вредност на спор наведен во тужбата во износ од 4.907.443,00 денари, за надомест на штета согласно чл.241 од ЗТД, која произлегува од неосновано исплатени плати,награди , договори на дело и други исплати кои произлегуваат од менаџерските договори. Постапката е во тек.

-Тужба поднесена против управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар ТЕП, за надомест на штета во износ од 15.849.186,00 денари, по член 241 од ЗТД која произлегува од продажбата на акции издадени од АД Раде Кончар Апаратна Техника и од Записник на УЈП за извршена надворешна контрола на ДДВ кај ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје, со која контрола од страна на УЈП беше утврден неевидентиран промет од 26.790.210 денари. Постапката е во тек.

-Тужба за утврдување на ништовност на одлуки донесени на собирот на содружници на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи за деловната 2012 (одлука за распределба на добивка; одлука за додаток на деловна успешност, одлука за задолжување и заложување и одлука за усвојување на записник), против ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи како тужена страна. Постапката е во тек.

-Тужба за утврдување на ништовност на одлуки донесени на собирот на содружници на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи за

деловната 2013 г. (одлуки за распределба на добивка на ДОО Сервис и ДООЕЛ ТЕП, одлука за додаток на деловна успешност на ДОО Сервис и ДООЕЛ ТЕП, одлука за исплата на статутарна награда на управителот на ДООЕЛ ТЕП), против ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи како тужена страна. Постапката е во тек.

-Тужба за утврдување на ништовност на одлуки донесени на собирот на содружници на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи за деловната 2014 г. (одлуки за распределба на добивка на ДОО Сервис и ДООЕЛ ТЕП), против ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи како тужена страна. Постапката е во тек.

-Тужба за утврдување на ништовност на одлуките на ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП, донесени од Собирот на содружници на ден 12.07.2016 година. Постапката е во тек.

**ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО**

Согласно Статутот на Акционерското друштво, членовите на Одборот на директори се со мандат од 1 (една) година, па нормално е да се очекуваат планови на пократки рокови за акционерското друштво.
Со цел акционерското друштво да работи позитивно и да остварува добивка во вакви услови на стопанисување потребно е да се превземат следните мерки:

**- Објектот - деловна зграда бр. 5 да биде во функција и приходување од изнајмување на деловниот простор**
Акционерското друштво ќе продолжи да приходува од изнајмување на деловниот простор во објектот.
Од друга страна АД планира дел од просторот во објектот да го користи за свои потреби, а со тоа да ги намали трошоците кои ги плаќа за закуп на деловниот простор кој го користи.

**-Остварување на приходи од капитална добивка**
Акционерското друштво ќе се стреми да остварува капитални добивки на Македонска берза, преку купопродажба на хартии од вредност и остварување на разлика во цена на хартиите од вредност во друштвата кои покажуваат ликвидност и сигурен пораст на своите хартии од вредност, како и изнаоѓање на други начини за остварување на капитални добивки по однос на капиталот кој го поседува АД и има потенцијал за понатамошно искористување и оплодување. Ваквата можност на акционерскто друштво во голема мера ќе зависи и од исходот на судски постапки во кои друштвото е странка, а во случај на позитивен исход и наплата на побарувањата за кои се води спор, друштвото ќе располага со средства кои би можело да се искористат за вакви цели.

**-Остварување на приходи од дивиденда од вложени средства во удели и хартии од вредност**
Акционерското друштво ќе се стреми вложените средства во хартии од вредност да ги оплодува преку добиената дивиденда и со истата да овозможи пласман во нови хартии од вредност со редовно пратење на финансиските резултати на друштвата во кои има инвестирано. По однос на влогот кој акционерското друштво го има во склоп на друштвата во Раде Кончар, акционерското друштво ќе се залага остварената добивка од 2017 година во овие друштва, да се распределува согласно договорите на друштвата.